REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони
Drejtoria për zona zhvillimore teknologjike industriale

Бр./Nr 04-1423/1
17.12 20 21 год./vit
СКОПЈЕ - SHKUP

Republic of NORTH MACEDONIA
DTIDZ FREE ZONES

Врз основа на член 4 од Законот за практиканство ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 и 103/21), Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ПРАКТИКАНТИ**
**ВО ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ**
**БРОЈ 02/2021**

Врз основа на член 4 од Законот за практиканство („Службен весник на Република Северна Македонија"број 98/2019 и 103/21), Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони распишува ЈАВЕН оглас за ангажирање на 4 (четири) практиканти во следните организациони единици:

- Еден практикант во Сектор за грижа на корисници и комуникација со потенцијални корисници во ТИРЗ, студент на прв или на втор циклус на студии од областа на економските науки или бизнис администрација;

- Два практиканти во Сектор за државна помош и контрола на извршување на договорите, студент на прв или на втор циклус на студии од областа од областа на на економските науки или бизнис логистика;

- Еден практикант во Сектор за маркетинг и комуникации, студент на прв или на втор циклус на студии од областа на односи со јавност или бизнис логистика;

Периодот на траење на практикантската работа изнесува три (3) месеци. Работното време на практикантот е 40 часа неделно (полно работно време). Практикантот има право на надоместок за практикантската работа, утврден согласно Законот за практиканство.

**Услови кои треба да ги исполнува практикантот:**

- Да не е во работен однос;
- Да не е постар од 34 години;
- Да е студент на студии на прв или на втор циклус на студии;

- Да поседува добри комуникациски вештини;
- Да поседува самоиницијативност, одлучност и желба за учење;
- Да има солидно познавање на англиски јазик;
- Да има познавање на Microsoft Office пакетот;

**Документи за аплицирање:**

- Биографија (CV) на апликантот;
- Доказ за видот на образованието што е во тек (копија од индекс);
- Пополнет документ за упатување на пракса од образовната институција, испечатен на официјалниот меморандум и заверен со потпис и печат на образовната институција.

**Што очекуваме од нашите практиканти?**

- Одговорен пристап кон задачите и активно учество во процесот на практикантската работа,
- Преземање иницијатива и креативност,
- Желба за здобивање на практични работни вештини.

Доколку сте во потрага за започнување на кариера во позитивна и динамична атмосфера, со можност за зголемување на Вашето знаење и вештини и ако имате интерес да се стекнете со знаење од доменот на работата на Дирекција за технолошки индустриски развојни зони, Ве повикуваме да се пријавите на јавниот оглас и да испратите Биографија (CV) која заедно со наведените придружни документи е потребно за ја доставите на е-маил адресата: hr@fez.gov.mk.

Пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите, ќе бидат повикани на интервју, по што ќе се направи финален избор и ќе се потпише Договор за практиканство.
Огласот трае 5 (пет) дена од денот на објавувањето.

Директор

Јован Деспотовски